CIVICA MOBILITAS FINANCE THINK LAG AGRO LIDER РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА KOALICIONI RURAL

# Повик за Експерт/ка за Анализа на мерките за заштита на стандардот на граѓаните во време на економска/енергетска криза

## ВОВЕД

Здружението за рурален развој ЛАГ Агро Лидер, на 01 јануари 2023 година започна со имплементацијата на проектот "Мониторинг, оценка и предлози за антикризни мерки во услови на тесен буџет" поддржан од Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) преку програмата Цивика Мобилитас

## I. Краток опис на проектот

**Главни цели на проектот се**:

Проектот има за цел Да ги анализира и следи буџетските трошења за антикризните мерки и да предложи модификација и/или нови мерки во услови на нагласена потреба од рационализација на трошењето на јавните пари.

1. Да направи анализа и мониторинг на буџетското трошење за постојните антикризни мерки, во три сегменти: 1) мерки за заштита на стандардот на граѓаните, 2) мерки за помош на фирмите, 3) мерки во делот на земјоделието и обезбедувањето храна, а во контект на ефективно и ефикасно трошење на народните пари;
2. Да даде предлози за модификација на постојните и нови мерки, врз основа на потребата за нивна насоченост/ таргетираност и за рационализација на буџетското трошење во услови на „скапи пари";
3. Да ја подигне јавната свест за потребата од фискална консолидација и рационално трошење на јавните пари во услови на повеќекратни кризи.

**Целни групи на проектот се:**

Целна група на проектот се:
1. Ранливи категории граѓани кои се најизложени/најпогодени од економската/енергетска криза
2. Микро, мали и средни фирми
3. Носители на економски политики – Министерство за економија, Министерство за финансии, Министерство за земјоделство, Агенција за енергетика и енергетски јавни компании, итн.

**Очекувани резултати од проектот се**:

1. Буџетските трошења и резултатите од антикризните мерки кои се во сила на крајот од 2022 година се анализирани и оценети;

2. Дефиниран е просторот – во смисла на дизајн и чинење - за модификација на постојните антикризини мерки и просторот за нови антикризни мерки.

3. Зајакната е јавната свест за ограничениот простор за финансирање на тековните и нови трошења од државниот буџет, во услови на затегнување на условите на финансиските пазари.

## II Опис на работните задачи

Собраните податоци од терен преку фокус групи, со сеопфатна анализа на националните мерки, документи и стратегии, ќе овозможи подготовка на Анализа/Бриф на мерките за заштита на стандардот на граѓаните во време на економска/енергетска криза.

Основната цел на ангажманот е да се избере соодветен експерт/ка кои што ќе изработи деск истражување на националното законодавството и легислативата на мерките за заштита на стандардот на граѓаните во време на економска/енергетска криза.

## III Тип на договор и надоместок

Надоместокот на експертите изнесува 132 000, во денарска противвредност.

Краен рок за испорака на услугата е 31.08.2023 година.

## IV Потребни квалификации

Пријавените треба да ги поседуваат следните квалификации и вештини:

• Завршено високо образование од областа на општествени науки/правни науки/економски науки
• Минимум 5 години соодветно работно искуство
•Одлично познавање на моменталната состојба со законите, правилата и прописите на националното законодавство и легислатива поврзани со мерките за заштита на стандардот на граѓаните во време на економска/енергетска криза
• Претходно искуство во исти или слични ангажмани.

## V Потребна документација

Понудата треба да го содржи следново:
• Детална биографија (CV)
• Писмо за интерес со референци за претходно работно искуство
• Листа на претходно изработени анализи/трудови/публикации

## VI Критериум за избор:

• Екпертиза и претходно искуство во подготовка на слични продукти

**VII Рок за пријавување**

Понудите треба да се достават најдоцна до 07 август 2023 година по електронска пошта на: lagagrolider@gmail.com со назнака „Апликација за Експерт/ка за Анализа на мерките за заштита на стандардот на граѓаните во време на економска/енергетска криза

**Дополнителни информации**

Дополнителни информации за повикот за експерти можете да добиете со испраќање на маил на lagagrolider@gmail.com